РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3761/1 | | |

0705
Трајко
15.10.10

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08, 33/10 и 116/10 ), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***солфеж*** за тригодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# СОЛФЕЖ

III ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ТРИГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

## ВОВЕД

Наставниот предмет солфеж е застапен во сите години на тригодишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот целта на солфеж во тригодишното основно музичко образование е да се овозможи комплексен музички развој на учениците: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), стекнување на неопходни знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музичките приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж треба да придонесе за поттикнување желба активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна поврзаност со наставата по инструмент и по предметот теорија на музиката. Содржините во оваа завршна година на тригодишното основно музичко образование го заокружуваат неопходниот обем на знаења, а наставните теми на предметот во III одделение – мелодиката, ритмиката и диктатот – се базираат врз содржините во предметот теорија на музиката, со цел теориските содржини да бидат поткрепени со нивното слушно доживување и анализирање. Посочените наставни теми се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Наставата по солфеж треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи по 9 – 15 ученици.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да пројавува способност за пеење на музички примери со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да го проширува опсегот на гласот;
- да пројавува способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да пројавува способност за следење интонација од инструмент;
- да пројавува умеење за повеќегласно пеење во група;
- да покажува музичка меморија;
- да стекнува навика за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката и нејзините изразни средства;
- да пројавуа осет за ритам;
- да ги разбира и препознава различните ритмички поделби;
- да ги разбира и препознава нерамноделните тактови;
- да пројавува умеење да следи ритам;
- да изведува движења во музичко - ритмичките активности усогласено со музиката;
- да ги усвои неопходните музичко-теориски поими;
- да се ориентира во просторот;
- да ги препознава, именува и запишува нотите од скалите до седум предзнаци;
- да ги осознава разликите на звучењето на дурската и молската скала;
- да ги осознава разликите на звучењето на трите видови на молската скала;
- да го објаснува градењето на дурската и молската скала (начин на добивање, предзнаци);
- да може самостојно да испее мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да се оспособува за солфежирање а виста;
- да пројавува умеење да транспонира (писмено и усно);
- да пројавува умеење за запишување диктат;
- да изведува спонтани импровизации на кратки музички мотиви „прашање-одговор“;
- да пројавува сопствено музичко изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/Ученичката:<br>- да развива музички слух;<br>- да развива пејачки глас;<br>- да демонстрира правилна вокална интерпретација при пеење песни и вежби;<br>- да ги интонира прецизно тоновите од скалите до седум предзнаци;<br>- да ја интонира прецизно својата делница во повеќегласното пеење (канон, полесно двогласје и триглаcје);<br>- да чувствува функции на стапалата;<br>- да ги разликува по слух дурската и молската скала (трите видови);<br>- да препознава по слух дур и мол во музички примери;<br>- да развива музичка меморија;<br>- да развива внатрешен музички слух;<br>- да ги препознава и применува основните видови на динамиката и темпото во музичките примери и | - Пеење детски и народни песни по слух и со именување на тоновите<br><br>- Пеење на скалите **H-dur, gis-moll, Des-dur, b-moll, Fis-dur, dis-moll, Ges-dur, es-moll, Cis-dur, ais-moll, Ces-dur, as- moll** (скали со 7 предзнаци информативно) (со функции и каденци)<br><br>- Пеење по ноти (солфежирање) вежби во истите скали<br><br>-Мелодиски примери со промена на тактови | - Солфежирање<br><br>- Пеење а виста<br><br>- Соодветни поими од музичка теорија кои се однесуваат на музичките симболи, скали, знаци за промена на висината на тонот, динамика, темпо<br><br>- Канон<br>- Повеќегласје<br>- Двогласје<br>- Триглаcје | - Пеење песни со текст и со именување на тоновите.<br>- Утврдување на тоновите од скалаите и начинот на нивното запишување.<br>- Пеење на скалата **H-dur** и нејзините елементи (цели и полустепени, стапала, тетракорди), функции, каденца, различни комбинации на стапалата и мелодиски модели (на ист начин се обработуваат останатите дурски и молски скали до седум предзнаци. При обработка на молските скали наставникот треба да обрне внимање на слушно препознавање на видовите на мол, односно, горните тетракорди).<br><br>- Солфежирање на едногласни и полесни двогласни и тригласни вежби и канони во посочените скали (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање со и без придружба на инструмент).<br><br>- Меморирање на изучените вежби и примери и изведба напамет. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сопствената изведба;<br><br>- да транспонира поедноставни музички примери;<br>- да го развива хармонскиот и полифониот слух;<br>-да ги разликува на слух интервалите и квинтакордите;<br>- да ги интонира интервалите и квинтакордите. | -Дополнување на недовршена мелодија (прашање-одговор)<br><br>-Мелодиски примери од народното творештво со нерамноделни тактови<br><br>-Мелодиски примери со промена на тактови | - Транспонирање<br><br>-Интервали (од прима до октава) – скалични и од зададен тон<br><br>-Квинтакорди од зададен тон | - Солфежирање на вежбите со примена на мисловно пеење на нивните фрагменти.<br><br>- Солфежирање по ноти со примена на знаците за динамиката.<br><br>- Солфежирање по ноти со примена на знаците за темпото.<br><br>- Транспонирање на полесните примери (усно и писмено).<br><br>- Градење, слушање и пеење на интервалите (скалични и од зададен тон).<br><br>-Градење, слушање и пеење квинтакорди од зададен тон.<br><br>- Квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Тема: РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да го осознава и применува броењето и тактирањето со различни мерни единици;<br>- да ја препознава и применува триесетвторина нота и пауза;<br>- да ја доживува и разбира триола на слух и во нотен текст во тактовите со различни мерни единици;<br>- да ја доживува и разбира дуола на слух и во нотен текст;<br>- да го доживува и разбира пунктирниот ритам на слух и во нотен текст во тактовите со различни мерни единици;<br>- да демонстрира умеења за ритмичко читање (парлато) на нотниот текст;<br>- да развие умеење да тактира нотен текст со различни мерни единици; | Мерни единици: четвртина, осмина, половина, четвртина со точка<br><br>- Ритмичко читање на нотен текст (парлато)<br><br>-Тактови 2/4,3/4, 4/4, 2/8,3/8 4/8, 2/2, 3/2, 4/2, 6/8, 9/8, 12/8<br><br>- Триесвторина нота и пауза<br><br>-Шеснаестина со точка нота и пауза<br><br>- Пунктирен ритам во рамки на мерна единица<br><br>- Триола<br><br>-Дуола | - Мерна единица<br>- Ритмичко читање (парлато)<br><br>- Мерна единица половина<br>- Мерна единица осмина<br><br>-Триесвторина<br><br>- Шеснаестина со точка<br><br>- Пунктирен ритам<br><br>- Триола<br><br>-Дуола | - Читање парлато на примери со тактирање.<br><br>- Изговарање парлато на примери со половина и осмина мерна единица.<br><br>- Изговарање парлато на примери со триесетвторина и шеснаестина со точка нота и пауза.<br><br>- Воочување на пунктирен ритам во музичките примери.<br>- Воочување на триолата и дуолата во музичките примери (споредба со 2-на и 3-на поделба на мерната единица). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да доживува промена на метар на слух во музичките примери;<br>- да препознава и применува промена на тактот во сопствената изведба (солфежирање и свирење на ДМИ);<br>- да го развива чувството за ритмичко повеќегласје. | -Промена на тактови<br><br>- Промена на такт со мерна единица осмина<br><br>-Промена на такт со мерна единица четвртина со точка<br><br>-Промена на такт (комбинација со половина и четвртина мерна единица).<br><br>-Нерамноделни тактови 5/8,7/8 9/8<br><br>-Устен ритмички диктат<br><br>- Ритмичко читање парлато во виолински и бас клуч<br><br>- Изведување на ритмички партитури со различни делници | - Промена на тактот<br><br>-нерамноделни тактови<br><br>-ритмички диктат | -Воочување на промена на тактот (на пример, првата група ја тактира секоја половина а втората група секоја четвртина).<br><br>-Наставникот треба да внимава во сите случаи при броењето и придружните активности да се нагласува силното време)<br><br>- Воочување на промена на метарот со различни мерни единици на слух во музичките примери (Наставникот во свирење на песна или музички пример прави мертичко варирање, комбинирајќи различни мерни единици).<br><br>- Воочување и примена на промената на тактот во вежби за солфежирање.<br>-Воочување на нерамноделни тактови (дводел и тродел – различно траење на ударот).<br>-Воочување на разликите во тактовата структура.<br><br>- Изговарање парлато во групи (секоја група со различен ритам)<br><br>- Квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Тема: ДИКТАТ | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да пројавува умеења за меморирање и репродуцирање на кратки ритмички и мелодиски фрази;<br><br>- да пројавува умеења за запишување на ритмички и мелодиски диктат;<br><br>- да ги доживува и разбира елементите на музичката структура (мотив, фраза) на слух;<br><br>- да ги применува стекнатите знаења за запишување на ритмички и мелодиски диктат;<br><br>- да ја развива музичката меморија;<br><br>- да го развива внатрешниот слух; | - Устен диктат:<br>ритмички<br>мелодиски<br><br>- Писмен диктат:<br>ритмички<br>мелодиски | Усен диктат<br>Писмен диктат<br>Ритмички диктат<br>Мелодиски диктат<br><br>Сите поими од други наставни теми и од наставниот предмет теорија на музиката | - Меморирање и повторување на кратки ритмички фрази (пример: наставникот изведува кратка фраза со плескање со рацете, а учениците ја повторуваат со групно и индивидуално).<br><br>- Меморирање и повторување на кратки мелодиски фрази (пример 1: наставникот изведува кратка фраза на неутрален слог, а учениците ја повторуваат на неутрален слог групно и индивидуално;<br>пример 2: наставникот изведува кратка фраза на неутрален слог, а учениците ја повторуваат со именување на тоновите групно и индивидуално).<br><br>- Запишување на кратки ритмички и мелодиски фрази според горенаведената постапка (меморирање, повторување и запишување).<br><br>- Запишување на подолги ритмички и мелодиски диктати. Наставникот да внимава учениците да не пишуваат за време на свирењето, туку да меморираат, а потоа запишуваат.<br><br>- Транспонирање на запишаните диктати (усно и писмено). |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставата по солфеж треба да биде во тесна поврзаност со наставата по инструмент.
- Предвидените содржини во наставните теми Мелодика и Ритмика се во непосредна корелација со темите и содржините на предметот теорија на музиката. Наставникот треба да внимава при планирањето на часовите по двата предмета меѓупредметната поврзаност да им биде јасна на учениците.
- Содржините Мелодика и Ритмика се тесно заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени цели посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на пример, совладувањето на ритмичките содржини во примерите за солфежирање).
- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (музички примери од различни стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).
- Се препорачуваат музичко-ритмичките движења (плескања со раце, тропкања со нозе, по можност – движења во простор) за доживување на римичките карактеристики на музиката.
- Учениците треба да навикнуваат на солфежирање и изведба на ДМИ по ноти со почитување на сите ознаки во трето одделение (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање, со тактирање при пеењето.
- За полесно разбирање на тоновите во различни октави, знаците за промената на висината на тоновите да се употребуваат креди во боја (секоја нота во различна боја).
- За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата.
- За успешно реализирање на наставната тема Диктат наставникот треба да практикува вежби за развој на меморија, концентрација (учење напамет, запишување на познати мелодии, усно и писмено транспонирање).
- Треба да се продолжат активностите сврзани со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности во текот на целата учебна година.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*:
Мелодика 42 часа; Ритмика 30 часа

➢ **Наставни средства:**
- учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;

- дидактички средства и материјали;
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

- Оценувањето е бројчано (со оценки од 1 до 5).

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

А. факултет за музичка уметност - оддел за музичка теорија и педагогија;
Б. факултет за музичка уметност - оддели за:
- композиција
- диригирање
- музикологија
- етномузикологија

(Приоритет според горенаведениот редослед.)

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да ги развие музичките способности;
- да го развие музичкиот слух;
- да го развива хармонскиот слух;
- да го развива полифониот слух;
- да применува правилна вокална интерпретација;
- да се оспособи за пеење на музички примери со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да го прошири опсегот на гласот;
- да се оспособи за прецизно интонирање на тонска висина;
- да оспособи за следење интонација од инструмент;
- да стекне способност за повеќегласно пеење во група;
- да развие музичка меморија;
- да пројави осет за ритам;
- да ги разбере и препознае различните ритмички поделби;
- да ги разбере и препознае нерамноделните тактови;
- да се оспособи да следи ритам;
- да се оспособи за изведува движења во музичко - ритмичките активности усогласено со музиката;
- да ги усвои и разбере неопходните музичко-теориски поими;
- да се ориентира во просторот;
- да ги разбере скалите до седум предзнаци;
- да ги осознае разликите на звучењето на дурската и молската скала;
- да ги осознае разликите на звучењето на трите видови на молската скала;
- да го разбере градењето на дурската и молската скала (начин на добивање, предзнаци);
- да се оспособи за самостојно изведување на мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да се оспособи за солфежирање а виста;
- да стекне умеење да транспонира (писмено и усно);
- да стекне умеење за запишување диктат;
- да се оспособи за спонтани импровизации на кратки музички мотиви „прашање-одговор“;
- да пројави сопствено музичко изразување;
- да применува ДМИ;

- да стекне навика за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособи за активно, внимателно слушање на музиката и нејзините изразни средства;
- да стекне самодоверба во извршувањето на музичките активности;
- да се оспособи за тимско работење;
- да стекне сознанија за музичката култура на своето опкружување.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1120/1 од 01.04.2010 година, координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6472/2
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***солфеж*** за III одделение на тригодишно основното музичко образование, по предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15.10.2010
Скопје

Министер

Никола Тодоров